***BÓLYA ANNA MÁRIA***

# ВЕЛИГДЕНСКИ ИГРИ ВО ПОРЕЧЕ – ВРСКИ СО ТВОРЕШТВОТО НА КОСОВО[1]

I.

На македонскиот фолклорен терен до денес можат да се наоѓаат живи обичаи со архаично потекло. Истражувајќи ги празничните обичаи, наоѓаме повеќе игри со драмски елементи.

Според истражувачите овие игри се поврзани поранешни култови кон плодност, кон вегетација и аграрни култови. Золтан Ујвари пишува дека „овие обичаи водат потекло од хомеопатичната магија на првобитната аграрна култура, во која со магија луѓето сакале да влијаат на силите на природата. А потоа оваа сила ја персонифицирале, земајќи го името на Дионис или друго божество“ (Ujváry 1997).

Во оваа статија кратко би сакала да претставам еден мошне интересен обичаен систем, кој бил жива пракса во регионот Порече до 70-те години на XX век. Тоа е група на игри, т. н. велигденските *гачки*. Како што повеќе истражувачи истакнуваат, карактеристиката на овој обичај систем е најтесната поврзаност кон поранешниот култ на Дионис (Боља 2014, Bartha 1998).

Порече е област во Западна Македонија, која е обиколена со високи планини. Затвореноста на оваа реликт-територија ја причинува сиромаштијата како карактеристика. Оваа способност може да биде причината на зачуваноста на велигденските игри, *гачки*. После 70-те години на XX век овој обичај систем преживеал во память, и делови се интегрирани во детските игри.[2]

Оригиналната форма може да се познава од материјалите на етнолог Вера Кличкова. Базата на нејзиното истражување била материјал

---

[1] Темата на оваа статија е дел од истражувачкиот пројект за ритуалните ора поврзани со најголеми празници на годината.

[2] На пример, играта *Шутарчиња*, под исто име или под други имиња, како *Грненца* или *Чумлечиња*, се наоѓа помеѓу детските игри на почетокот на XXI век. Мапата види во прилог.

од информатори од селото Тажево од Горно Порече, и селата Долни Манастирец, Гершница, Томино Село и Тополница од Долно Порече (Кличкова 1957).

Денес на теренот пак се наоѓаат делови на обичајниот систем. Овие се практикуваат во обновени форми во денешниот централен град на Порече, Македонски Брод. На првиот ден Велигден се игра *Кален број, мален број* во стилизирана, недвижечка форма, а постојат и поврзани обновени обичаи: литијата *покрсти* и велигденските *оро-кули*. Обновувањето може да се благодари на попот Марко Трпковски и директорката на културниот дом, етнолог Милена Стојческа (Стојческа; Трпкоски 2013).

**Велигденските гачки во Порече**

Целиот обичаен систем во описите на Вера Кличкова, покажува посебна структура: помеѓу две ритуални ора – како свечено отварање и затворање – се наоѓаат друштвените игри со драмски елементи.

*Зазбирувањето и свеченото отварање*

Празнувањето започнува со "зазбирувањето" после литургијата на првиот ден Велигден. Собирот го зазбируваат помлади жени, невести и млади девојки, одејќи од своите маали две по две кон соборот. Таму се распоредуваат една по друга во колце или како тие го викаат, во „танец". Држејќи се за раце, тие го обиколуваат соборот, пеејќи трипати. Бавните и мирните чекори немаат одреден ритам и по мислењето на Даница Јанковиќ, во минатото оваа игра имала изразито обреден карактер. Без овој ритуал не може да се почне велигденските игри. Придружувана песна е *Собери оро кадан Тодоро*:

Собери оро кадан Тодоро?
„Ја да собера, је не смеја
Од љубовикот, од неверникот,
Тој ќе ми речит, каму ти каму,
Каму ти, каму, што сум ти купил,
Што сум ти купил некњашен пазар,
Некњашен пазар, некња в'недела,

Што ти налеав сребрени копец.“

Другите гачки се играа на вториот или третиот ден Велигден, во зависност од географската местоположба. На пример во селата Тополница и Долни Манастирец повеќе гачки се играа на вториот ден велигден, а другите села главно на третиот ден (Кличкова 1957; Јанковић, Д. 1938).

*Камила*

Ова е игра која има повеќе паралели со зимските преоблечени обичаи во Македпнија. Гачката *Камила* има речиси истата содржина како зимскиот маскиран обичај *Џамала* или *Џолома*. Се наоѓа фигура на животно, а во овој случај тоа е камила, има зет и „невеста“, како учесници на пародичната свадба. Се разбира, невестата е маж. Се појавуваат и типичните маскирани и преоблечени мажи со клопотарци на половината. Присуствуваат и хумористични елементи: Попот ги прашува: „Дали се сакате?“ Невестата одговара: „Ја уште кај мајка го сакав, а не ли сега! Зошто сум се застојала до него?“ (Кличкова 1957; Ratkó 2001).

*Кален број, мален број*

Најпознатата и веројатно најпопуларната игра е *Кален број, мален број*, која по форма имитира растението на растенијата, и се движи во круг како безконечна движечка форма. Во минатото со тоа ја обиколуваа црквата. По форма оваа игра се разликува од сите други игри и ора, може да се рече дека таа е самостојна со своите способнисти.

Парови од девојки и жени формираат врата со шамиите, под кои протнуваат, во месниот дијалект *прошупуаат* последните парови. Со ова вечно движење, челото на игра покажува имитативна магиска форма на растението (Bólya 2015).

На таков начин играта постојано напредува. Поради Курт Сакс оваа движечка форма како ритуал симболизира вечното обновување на животот во пролет. Ова значење е акцентирано и со видот на пеењето, која е вечна канон-форма, паровите почнуваат да пеат со тргнувањето од крајот на линијата (Sachs 1963).

Оваа игра се појавува и во фолклорот на другите земји, со повеќе движечки или недвижечки, контаминирани или редуцирани варијанти. Обичајот, што постои денес во Македонски Брод е статична форма, под која сите луѓе кои сакаат, можат да протнуваат. Да наведеме пример од другите делови на Европа, во унгарскиот фолклор оваа игра се појавува во Великиот пост, со повеќе движечки варијанти (Ѓурчески 2013).

*Вториот дел од нашиот прилог ќе го следите во наредниот, трети број од нашето списание.*
*A cikk második részét a következő, 3. számban olvashatják.*
*The second part of this article you can read in the 3rd issue.*

Abstract
On the Macedonian territory, there exist interesting phenomena: the Easter dramatic customs, the so called gachki in the Poreche region. It was a living tradition till the 1970s. They were mainly registered by the Jankovich sisters and Vera Klichkova, whose field works provided us with detailed descriptions. Today we can observe gachki in revival forms in Makedonski Brod. In the first part of the article, some of the Easter gachki from the Poreche region are presented.